„Ние сме последниот умет, но првите што ќе бидат повикани на пресметка

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и неговиот татко, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ние сме последниот умет, но првите што ќе бидат повикани на пресметка. Ќе се рече: ‚Каде е неписмениот умет и неговиот пратеник?’ Така, ние сме последни по време, а први на Судниот ден.“

[صحيح] [رواه ابن ماجه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека неговиот умет е последниот меѓу народите по постоење и по време, но првите што ќе бидат повикани на пресметка на Судниот ден. Тогаш ќе се рече: „Каде е неписмениот умет и неговиот Пратеник?“ – а тоа се припишува на неговата неписменост, салаллаху алејхи ве селем, во однос на непознавање на читањето и пишувањето. Значи, ние сме последни по време и постоење, но први во пресметката на Судниот ден и први што ќе влезат во Џенетот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65172